


# АНАЛИЗА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ИЗБОРНИОТ ПРЕДМЕТ

# ЈАЗИК И КУЛТУРА НА РОМИТЕ

# АНАЛИЗА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ИЗБОРНИОТ ПРЕДМЕТ

# ЈАЗИК И КУЛТУРА НА РОМИТЕ

**За издавачот:**
Владимир Милчин

**Изготвено од:**
Фондација Институт отворено општество-Македонија
Програма за образование

**Лектор:**
Ана-Марија Бранѓолица

**Превод на англиски:**
Абакус

**Дизајн и печатење:**
Кома лаб

**Тираж:** 100

Достапно на македонски и англиски јазик

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.016:[811.214.58+930.85(=214.58)

АНАЛИЗА на спроведувањето на изборниот предмет "Јазик и култура на Ромите", Скопје ; Фондација Институт отворено општество - Македонија = Skopje : Fondation Open Society Institute-Macedonia, 2009. - 24 стр. ; 21x24 цм

Насловна страна на припечатениот текст : Analysis of the implementation of elective subject "Roma language and culture", Обата текста меѓусебно печатени во спротивна насока. - Библиографија стр. 24

ISBN 978-608-218-039-7

а) Јазик и култура на Ромите - Изборен предмет - Истражувања
COBISS.MK-ID 80353290

# СОДРЖИНА

ЦЕЛ НА ДОКУМЕНТОТ ........ 5
ИЗВРШНО РЕЗИМЕ ........ 6
ВОВЕД ........ 11
МЕТОДОЛОГИЈА И ПРИМЕРОК ........ 12
ПРАВНА ПОЗАДИНА НА ВОВЕДУВАЊЕТО НА ИЗБОРНИОТ ПРЕДМЕТ „ЈАЗИК И КУЛТУРА НА РОМИТЕ“ .. 14
АНАЛИЗА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТОТ „ЈАЗИК И КУЛТУРА НА РОМИТЕ“ ........ 16
НАОДИ ОД МИНИ-ИСТРАЖУВАЊЕТО ........ 19
ЗАКЛУЧОЦИ ........ 23
РЕФЕРЕНТНА ЛИТЕРАТУРА ........ 24

„Мултикултурноста на македонското општество бара основното училиште да го промовира развивањето на вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и нивната култура, јазикот и традициите. Училиштето е одговорно за развивање свест кај учениците за своето културно потекло, а, исто така, и за поттикнување на интересот за запознавање на културното наследство на другите заедници“

Од Концепција(та) за деветгодишно образование (2007), Биро за развој на образованието, Министерство за образование и наука на Република Македонија, стр. 73

# ЦЕЛ НА ДОКУМЕНТОТ

Целта на овој документ е да ги презентира наодите од анализата на ФИООМ за спроведувањето на изборниот предмет „Јазик и култура на Ромите“ што, како дел од реформираната наставна програма за трето одделение од деветтолетката, за првпат се воведе во основното образование во учебната 2008/09 година.

Документот е изготвен во рамките на проектот „Програма за образование на Роми -121“, финансиран од Детската Фондација „Песталоци“ од Швајцарија и од ФИООМ.

Документот се базира на три клучни параметри што беа предмет на анализа од страна на ФИООМ: понудата од училиштата, учебникот и наставниот кадар, како основни предуслови за успешно воведување и спроведување на новиот изборен предмет.

Оттука, оваа анализа се фокусира на одговорите на следниве истражувачки прашања:

- Дали и како овој предмет им беше понуден на родителите од страна на училиштата?
- Дали е обезбеден учебник верификуван од страна на МОН? Ако не, кој (кои учебници и учебни помагала) се користи во наставата?
- Дали наставниот кадар вклучен во наставата по овој предмет во изминатата учебна година е со соодветни квалификации?

Оваа анализа првенствено е наменета на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците и Државниот просветен инспекторат, како и на локалната самоуправа во чијашто надлежност е основното образование.

Бидејќи за воведување изборен предмет е најважен интересот на родителите и на самите ученици, овој документ се обраќа и до органите за управување на училиштата, родителите, ромските лидери, ромските невладини организации што се занимаваат со образование и до сите други заинтересирани страни.

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Целта на овој документ е да ги презентира наодите од анализата на ФИООМ за спроведувањето на изборниот предмет „Јазик и култура на Ромите“, што во основното образование се воведе за првпат како дел од реформираната наставна програма за трето одделение од деветтолетката, во учебната 2008/09 година.

Според интернет-страницата[1] на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците (УОЈЗ), изборниот предмет „Јазикот и културата на Ромите“ во учебната 2008/09 година го следеле меѓу 1500 и 2000 ученици, во шест основни училишта во четири градови во Република Македонија (две во Скопје, две во Штип, едно во Тетово и едно во Кичево). Ова е исклучително мал број на училишта, ако се земат предвид (најмалку) 28 основни училишта[2] што, според проценката на ФИООМ, ја исполнуваат основната претпоставка за воведување на овој предмет, како училишта со поголем број на ромски ученици.

За да се добие сеопфатна слика за различните аспекти од спроведувањето на предметот, ФИООМ направи мини-истражување во текот на месеците јуни и јули 2009 година. Истражувањето вклучи: канцелариско истражување и анализа на релевантните закони и на ситуацијата со воведување на предметот на национално ниво, како и теренско истражување што се спроведе преку фокус-групи со 193 ромски родители и полуструктурирано интервју со 33 претставници на примерок од 17 основни училишта со поголем број ученици од ромската етничка заедница.

Наодите од направеното мини-истражување и анализа покажуваат дека спроведувањето на изборниот предмет „Јазик и култура на Ромите“ е повеќе декларативна заложба на Владата и на релевантните државни институции, отколку што е реалност и сè уште е многу далеку од неговото вистинско спроведување.

Според претставниците на училиштата, 12 од 17 основни училишта опфатени со теренското истражување го понудиле овој изборен предмет на родителите/учениците, додека само три од нив го спроведувале во изминатата 2008/09 учебна година. Исказите, пак, на родителите не кореспондираат во целост со исказите на училиштата. Според родителите опфатени со фокус-групите, во само осум (а не во

1 Види: Министерство за образование и наука (2009), Структура: Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, 27 јануари. Достапно на: <http://www.mon.gov.mk/mk/ministerstvo/organi/uojz/struktura> [посетено на 1 јули 2009]

2 „Дане Крапчев“, Скопје; „Страшо Пинџур“, Скопје; „26ти Јули“, Скопје; „Браќа Рамиз и Хамид“, Скопје; „Јане Сандански“, Скопје; „Васил Главинов“, Скопје; „Браќа Миладиновци“, Скопје; „Кочо Рацин“, Скопје; „Христијан Карпош“, Куманово; „Крсте Мисирков“, Куманово; „Браќа Миладиновци“, Куманово; „11 Октомври“, Куманово; „Ѓорѓи Сугарев“, Битола; „Братство-единство“, Гостивар; „Гоце Делчев“, Штип; „Димитар Влахов“, Штип; „Малина Поп Иванова“, Кочани; „Раде Кратовче“, Кочани; „Ванчо Прке“, Делчево; „Добре Јовановски“, Прилеп; „Благој Кирков“, Велес; „Димката Ангелов-Габерот“, с.Ваташа, Кавадарци; „Славчо Стојменски“, Виница; „Дедо Иљо Малешевски“, Берово; „Гоце Делчев“, Тетово; „Крсте Мисикров“, Радовиш.

12) од 17 основни училишта бил понуден изборниот предмет „Јазик и култура на Ромите", а родителите од само седум од овие 17 училишта, чиишто деца во учебната 2008/09 година беа во трето одделение, се изјаснија дека биле заинтересирани за изучување на предметот.

Како најчеста причина зошто не би го изучувале предметот, родителите наведоа дека тоа е дополнително оптоварување за нивното дете, односно дополнителен предмет по којшто ќе биде оценувано. Ваквите ставови на родителите не се за изненадување, зашто Концепцијата за деветгодишно образование[3], свесно или несвесно, сакајќи да промовира еднаквост преку можноста за изучување на својот јазик и култура, генерира нееднаквост на учениците-припадници на малите етнички заедници наспроти останатите ученици. Тоа се должи на фактот што учениците од ромската, влашката и бошњачката етничка заедница треба да имаат еден предмет повеќе од останатите ученици, доколку го изберат изборниот предмет што се однесува на нивниот јазик и култура. Ваквите контроверзи укажуваат на неконзистентност и парцијалност во креирањето и донесувањето политики и може да се одразат на натамошниот интерес на припадниците на малите етнички заедници за изучување на овие изборни предмети, но и консеквентно на ова може да имаат долгорочни негативни последици за зачувувањето и негувањето на нивниот јазичен и културен идентитет.

Дека кај ромските родители се зголемува интересот, но и свесноста за важноста за изучување на предметот „Јазик и култура на Ромите", зборува и тоа што родителите на децата од второ одделение од 15 основни училишта (од вкупно 17) вклучени во теренското истражување, се изјаснија во фокус-групите дека се заинтересирани нивните деца да го изучуваат предметот во учебната година 2009/2010 година (кога ќе бидат во трето одделение). Останува да се види дали на сите заинтересирани родители /ученици ќе им биде овозможено тоа.

Генерален заклучок од истражувањето е дека од страна на државата не се обезбедени сите предуслови за спроведување на овој изборен предмет во училиштата.

Постои нејаснотија и конфузија и кај родителите и кај училиштата, во однос на задолжителноста на предметот и обезбедување на правото на избор, како и за тоа дали овој предмет треба да им се понуди на сите или само на ромските ученици.

Констатирани се недоследности и неконзистентности во информирањето на

3 Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието (2007), Концепција за деветгодишно образование, Скопје

родителите за можноста за изучување на овој предмет (некои училишта им го понудиле предметот писмено - преку анкетни прашалници, а некои усно - на родителски средби,  некои им го понудиле предметот само на ученици од трето одделение, а други од трето до осмо одделение).

Нејасните и/или задоцнетите инструкции од Бирото за развој на образованието и од ресорното Министерство за воведувањето на предметот, несоодветното и ненавремено информирање на ромските родители (дел од нив биле и отсутни заради сезонска работа), малиот број пријавени ученици заради слаб интерес, како и немањето соодветен наставен кадар и учебник, се главно посочени како главни причини од училиштата за непонудувањето, но и за неспроведувањето на овој предмет таму каде што бил понуден.

Канцелариското истражување на ФИООМ покажа дека само осум основни училишта во РМ објавиле оглас за вработување наставник по предметот„Јазик и култура на Ромите" изминатата учебна година, и тоа со големо задоцнување (во периодот од 29  ноември до 19 декември 2008 г.). Но, во само шест од нив бил примен наставник и се изведувала настава по предметот. Останува отворено прашањето што се случило со двете основни училишта - „11 Октомври" од Куманово и „Јане Сандански" од Скопје, што исто така имале оглас за наставник, но според УОЈЗ не ја реализираат наставата по овој предмет.

Теренското истражување на ФИООМ покажа дека дури и кај тие три основни училишта опфатени со истражувањето што го спроведувале предметот во учебната 2008/09г., се јавуваат низа недоследности во начинот на спроведување, како во однос на кадарот што го предава предметот така и во однос на учебникот (учебниците) што се употребува. Истражувањето покажа дека нормативите за наставник не се почитуваат во целост, затоа што во две училишта се вработени наставници со средно образование. Ова наметнува дополнителни прашања за тоа дали, кој и како проверува дека кандидатите за наставници добро го говорат ромскиот јазик? Исто така, останува нејасно дали за наставниците со несоодветно педагошко образование била организирана обука, кој ја спровел и по која програма.

Нема доследна употреба на еден учебник во училиштата во коишто се реализирала настава по „Јазик и култура на Ромите", туку во различни училишта биле набавени и се користеле различни учебници од различни автори. Во едно од училиштата не се користел никаков учебник или учебно помагало, туку учениците пишувале во

тетратка. Во недостиг на учебник што е прифатен и верификуван од ресорното Министерство, не е за изненадување што училиштата и наставниците по свое наоѓање користеле литература во наставата по овој предмет. Се поставува прашањето зошто конкурсите за ракописи за учебници беа објавени дури по отпочнувањето на учебната 2008/09 година. Зошто со објавувањето на вториот конкурс за одобрување учебници повторно се доцни (објавен во мај 2009, со рок до 30 септември 2009)?

Постои потреба за целосно спроведување на изборниот предмет „Јазик и култура на Ромите", што не може да се случи без поголема ангажираност на сите релевантни фактори.

Ги повикуваме Владата на Република Македонија, Министерството за образование и наука на РМ и Бирото за развој на образованието, да ја расчистат конфузијата што сѐ уште постои околу воведувањето и самото спроведување на овој изборен предмет.  Истовремено, ја повикуваме Владата со конкретни мерки да ја надмине ваквата ситуација и да ги создаде неопходните предуслови за да обезбеди непречено и квалитетно спроведување на предметот „Јазик и култура на Ромите" на долг рок.

И покрај недоследностите и воочените пропусти, ги поздравуваме заложбите и напорите на училиштата што го вовеле предметот изминатата учебна година, и ги охрабруваме да работат на нивно побрзо отстранување. Истовремено ги повикуваме останатите училишта сериозно да се зафатат со спроведување на предметот во новата 2009/2010 учебна година.

Ги повикуваме ромските и други невладини организации да ја следат внимателно реализацијата на овој проект на МОН и доколку забележат проблеми јавно да реагираат.

Лобирајќи за целосно спроведување на предметот „Јазик и култура на Ромите", овој документ се застапува за остварување на правата на ромските деца, како и за образовен систем што е сензитивен за етничката и културната различност во нашето општество.

Од страна на државата не се обезбедени сите предуслови за спроведување на овој изборен предмет во училиштата

# ВОВЕД

Редовната настава во основното образование во Република Македонија се изведува на македонски, албански, турски и српски јазик, додека до 2008 година јазикот на останатите заедници се изучуваше факултативно.

Со новата Концепција за деветгодишно образование, од учебната 2008/09 година беа воведени изборни предмети за изучување на јазикот и културата на Ромите, на Бошњаците и на Власите. Според Концепцијата: „Во согласност со определбите за почитување на јазичниот и културниот идентитет на припадниците на заедниците, училиштето од III до IX одделение им ги нуди на учениците изборните предмети – јазик и култура на Власите, Ромите, Бошњаците“[4].

Според интернет-страницата[5] на Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците (УОЈЗ), предметот „Јазикот и културата на Ромите“, во учебната 2008/9 година го следеле меѓу 1500 и 2000 ученици во следните градови и училишта: ОУ „Браќа Рамиз и Хамид“ - Скопје; ОУ „Гоце Делчев“ - Тетово; ОУ „Санде Штерјоски“ - Кичево; ОУ „Димитар Влахов“ - Штип; ОУ „Гоце Делчев“ - Штип; ОУ „26-ти Јули“ - Скопје.

4 Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието (2007), Концепција за деветгодишно образование, стр.94

5 Види: Министерство за образование и наука (2009), Структура: Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, 27 јануари

# МЕТОДОЛОГИЈА И ПРИМЕРОК

Со цел да се добие сеопфатна слика за сите аспекти од спроведувањето на предметот „Јазик и култура на Ромите“ во трето одделение во учебната година 2008/09 година, беше направено мини-истражување во текот на месеците јуни и јули 2009 година.

Истражувањето вклучи:

**1. Канцелариско истражување и анализа** на релевантни закони и документи, со цел да се утврди нормативната основа за воведување и реализирање на овој предмет на национално ниво;

**2. Теренско истражување** во 17 основни училишта од 11 градови во РМ, коешто се спроведе преку:

- **Фокус-групи** со родители, за да се утврди дали и како бил понуден овој предмет во училиштата за да се изучува во учебните години 2008/09 и 2000/10. Притоа беа утврдени посебни прашања за родителите на учениците во второ, а посебни за родителите на учениците во трето одделение во учебната 2008/09. Исто така, посебен сет на прашања е употребен за родителите чиишто деца го изучувале предметот во учебната 2008/09 година;
- **Полуструктурирано интервју** со претставници од основни училишта, со цел да се утврди дали и како бил понуден предметот од страна на училиштата, како и да се увиди како течело спроведувањето во училиштата каде што е воведен овој предмет.

Со теренското истражување беше опфатен примерок од 17 основни училишта[6] што имаат поголем број ученици од ромската етничка заедница и што заедно покриваат речиси 50% од вкупниот број основци-Роми во Република Македонија. Овие 17 училишта се вклучени во три проекти реализирани од ФИООМ: „Програма за образование на Роми“, „Проект за образование на Роми – 121“ и „Еднакви образовни можности за децата-Роми“.

Со примерокот беа опфатени:

- Во фокус-групите: 193 родители на деца од ромската етничка заедница – од нив, 64 родители на деца од второ одделение (кои во наредната 2009/2010 учебна година ќе бидат на возраст за изучување на предметот), 116 родители на деца во трето одделение (по осумгодишна програма или трето одделение по деветгодишна програма) и 3 родители на деца во четврто одделение;

6 „Страшо Пинџур“ – Скопје, „26ти јули“ – Скопје, „Браќа Рамиз и Хамид“ – Скопје, „Браќа Миладиновци“ – Скопје, „Христијан Карпош“ – Куманово, Крсте Мисирков“ – Куманово, „Браќа Миладиновци“ – Куманово, „11 Октомври“ –Куманово, „Санде Штерјоски“ – Кичево, „Братство Единство“ – Дебар, „Раде Кратовче“ – Кочани, „Ванчо Прке“ – Делчево, „Добре Јовановски“ – Прилеп, „Благој Кирков“ – Велес, „Димката Ангелов – Габерот“ – с.Ваташа, Кавадарци, „Славчо Стојменски“ – Виница, „Дедо Иљо Малешевски“ – Берово

- Во полуструктурираното интервју: 33 претставници на менаџерскиот тим, педагошко-психолошката служба и наставниците на училиштата (девет директори, еден заменик-директор, тројца педагози, шест психолози, два социјални работника, еден училиштен координатор за проекти, еден училиштен секретар, 10 наставници).

Фокус-групите и интервјуата со претставниците од основните училишта беа реализирани во текот на јуни, со цел да се увиди дали училиштата го понудиле изборниот предмет за 2009/10 пред крајот на тековната - 2008/09 учебна година.

Во организацијата и реализацијата на фокус-групите со родителите, од огромна помош беа 15-те ромски невладини организации што истовремено се и партнери за имплементација на програмите за образование на Роми на ФИООМ.

# ПРАВНА ПОЗАДИНА НА ВОВЕДУВАЊЕТО НА ИЗБОРНИОТ ПРЕДМЕТ „ЈАЗИК И КУЛТУРА НА РОМИТЕ“

Република Македонија е потписничка на Конвенцијата за правата на детето, којашто не само што го гарантира правото на образование туку и дополнува дека тоа образование треба да биде насочено кон „Развој на почитувањето на родителите на детето, неговиот културен идентитет, јазикот и вредностите, националните вредности на земјата во која детето живее и на земјата од која тоа води потекло, како и цивилизациите кои се различни од неговата“ (член 29, параграф В).

Уставот на Република Македонија, исто така, го гарантира правото на образование како достапно на секого под еднакви услови (член 44 од Уставот на РМ), но и правото на заедниците во РМ да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет. Поради тоа, Амандманот VIII (параграф 1) на Уставот на Република Македонија прецизира дека:

„Припадниците на заедниците имаат право на настава на својот јазик во основното и средното образование, на начин утврден со закон. Во училиштата во кои образованието се одвива на друг јазик, се изучува и македонскиот јазик“.

Следствено, Законот за основно образование (Службен весник 103 од 19.08.2008 година, член 3) ги наведува и следните цели за основното воспитание и образование:

„...развивање на писменоста и способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување, покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо, и на јазик и писмо на припадниците на заедниците кои зборуваат јазик различен од македонскиот јазик“.

„... развивање свест кај учениците за припадност на Република Македонија и негување на сопствениот национален и културен идентитет“.

Понатаму, во член 9 (параграф 2) е прецизирано дека:

„За учениците на припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната

работа се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница, на начин утврден со овој закон“.

Конечно, новата Концепција за деветгодишно образование од учебната 2008/9 година, овозможи воведување изборни предмети за изучување на јазикот и културата на Ромите, Бошњаците и Власите. Во брошурите за деветтолетката изготвени од страна на Бирото за развој на образование за информирање на родителите, се наведува дека: „учениците од влашката, ромската и бошњачката заедница можат да го изучуваат својот јазик и култура, почнувајќи од III одделение“[7].

Изборните предмети се застапени од трето одделение со еден час неделно, или 36 часа на годишно ниво, а од четврто до деветто одделение се застапени со по два часа неделно, или 72 часа на годишно ниво. Доколку се избере некој од изборните предмети, тој станува задолжителен, а ученикот се вреднува со оценка според покажаните резултати.

Според Концепцијата[8], се спроведува анкета што обезбедува информации колкав е интересот на учениците за одреден изборен предмет. Предметот „Јазик и култура на Ромите“ во трето одделение (треба да) се реализира според наставна програма изготвена во јануари 2008 година и објавена на интернет страницата на Бирото за развој на образованието[9]. Програмата за четврто одделение сѐ уште не е објавена, што наведува на заклучокот дека не е изготвена и/или ќе се доцни со нејзино изготвување.

7 Митко Чешларов, Таше Стојановски (2007), Ново деветгодишно основно училиште: информации за родителите, Биро за развој на образованието, Скопје, стр.5; и Митко Чешларов, Таше Стојановски (2008), Деветгодишно основно училиште: информации за родителите на учениците кои завршиле I одделение по иновирани програми, Биро за развој на образованието, Скопје, стр.4

8 Види: Концепција за деветгодишно образование, стр. 96

9 Види: Министерство за образование и наука (2009), Структура: Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, 27 јануари

# АНАЛИЗА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРЕДМЕТОТ „ЈАЗИК И КУЛТУРА НА РОМИТЕ“

Во информативните брошури[10] за родителите изготвени од страна на Бирото за развој на образованието, кај предметот „Јазикот и културата на Ромите“ стои назнаката „задолжителен изборен предмет“. Во Концепцијата[11] и брошурите[12] е наведено дека „учениците од влашката, ромската и бошњачката заедница можат да го изучуваат својот јазик и култура, почнувајќи од III одделение“.

Оттука е нејасно дали предметот “Јазик и култура на Ромите“ треба да биде понуден само на ромските или на сите ученици? Се наметнуваат и неколку други прашања. Прво - дали учениците од другите етнички заедници можат да го изберат и што се случува доколку тие сакаат да го изучуваат овој предмет? Второ - за каква изборност тука зборуваме, кога наставниот план[13] не предвидува други изборни предмети во трето одделение, освен предметите „Јазик и култура на Власите“, „Јазик и култура на Ромите“ и „Јазик и култура на Бошњаците“? Трето - ако овие предмети се наменети само и исклучиво за овие етнички заедници, дали тоа значи дека тие ќе треба да изучуваат еден дополнителен предмет, односно дека учениците од другите заедници ќе имаат еден предмет помалку од учениците од влашката, ромската и бошњачката етничка заедница кои ќе го изберат предметот?

Оваа политика на Владата е конфузна и неконзистентна, бидејќи правото на изучување на јазикот и културата кај овие етнички заедници се обезбедува на сметка на уривањето на принципот на рамноправност и еднаквост на учениците. Дополнително, перцепцијата за овие изборни предмети како за „дополнителен и непотребен товар“, може да има значително влијание врз интересот на децата и родителите при изборот.

Уште една недоследност се јавува околу бројот на ученици потребен да се оформи паралелка за изучување на „Јазикот и културата на Ромите“. Според Концепцијата[14], предметите се реализираат доколку има најмалку 15 заинтересирани ученици. Но, според флаерот за изборни предмети[15] наменет за учениците и родителите, „наставата по изборниот предмет може да се изведува со најмалку 20 ученици и може да се изведува со ученици од различни паралелки“.

Во учебната 2008/9 година, предметот „Јазик и култура на Ромите“ се спроведуваше без соодветен учебник одобрен од Министерството за образование и наука на РМ. Конкурсот за одобрување ракописи за учебници беше објавен на 10 септември 2008 година[16], по отпочнувањето на училишната година, а конкурсот за издавање учебници

10 Види: Ново деветгодишно основно училиште: информации за родителите, стр.8; и Деветгодишно основно училиште: информации за родителите на учениците кои завршиле I одделение по иновирани програми, стр.8

11 Види: Концепција за деветгодишно образование, стр. 94

12 Види: Ново деветгодишно основно училиште: информации за родителите, стр.5; и Деветгодишно основно училиште: информации за родителите на учениците кои завршиле I одделение по иновирани програми, стр.4

13 Види: Концепција за деветгодишно образование, стр. 88-89

14 Ибид, стр. 96

15 Види: Биро за развој на образованието (2008), Изборни предмети во основното училиште, Скопје

за предметот „Јазик и култура на Ромите" беше објавен на 27 декември 2008 година[17] (на крајот на првото полугодие). Учебник за ромски јазик не е издаден ниту пред ниту во текот на учебната 2008/09 година. Втор конкурс за одобрување учебници беше објавен во мај 2009 година, во месечниот весник „Просветен работник", бр. 966, со краен рок за поднесување ракописи до 30 септември 2009 година.

Според нормативот за наставен кадар даден во наставната програма (стр.16), воспитно-образовната работа по овој предмет може да ја изведува „лице кое добро го говори ромскиот јазик и има завршено високо образование: Педагошки факултет, Филолошки факултет, Филозофски факултет, Природно-математички факултет" или „доколку нема со високо образование, може да се вклучат и наставници со вишо образование од наставничките факултети". Сепак, нејасно е дали, кој и како проверува дека кандидатите за наставници добро го говорат ромскиот јазик?

Во периодот од 29 ноември до 19 декември 2008 година, осум основни училишта објавиле огласи за вработување. Огласите биле објавени на следните датуми и со следните спецификации (огласите се достапни на интернет-страницата „Најди работа"):

- **29/11/2008 - ОУ „Браќа Рамиз-Хамид"**- Скопје: „Наставник по ромски јазик - шест извршители", достапно на: <http://www.najdirabota.com.mk/DisplayVacancy.aspx?vacancy=528870> [посетено на 1 јули 2009]
- **01/12/2008 - ОУ „Јане Сандански"** - Скопје: „Еден наставник по ромски јазик /македонски наставен јазик со 11 часа на определено време IV/1 степен на образование" , достапно на: <http://www.najdirabota.com.mk/DisplayVacancy.aspx?vacancy=528958> [посетено на 1 јули 2009]
- **03/12/2008 - ОУ „Гоце Делчев"** - Тетово: „Еден наставник по ромски јазик - изборен предмет во македонска настава со полн фонд на часови", достапно на: <http://www.najdirabota.com.mk/DisplayVacancy.aspx?vacancy=529245> [посетено на 1 јули 2009]
- **05/12/2008 - ОУ „Санде Штерјоски"** - Кичево: *„Еден наставник по ромски јазик"*, достапно на: <http://www.najdirabota.com.mk/DisplayVacancy.aspx?vacancy=529665> [посетено на 1 јули 2009]
- **10/12/2008 - ОУ «Димитар Влахов"** - Штип: „Еден наставник по ромски јазик со осум наставни часови (завршен 7-ми степен и добро да го владее ромскиот јазик)", достапно на: <http://www.najdirabota.com.mk/DisplayVacancy.aspx?vacancy= 530110> [посетено на 1 јули 2009]

16 Види: Министерство за образование и наука (2008), Конкурс за одобрување и издавање на учебници за III одделение (изборни предмети)И во деветгодишно основно воспитание и образование), 10 септември

17 Види: Министерство за образование и наука (2008), Конкурс за издавање на учебници за I, II, III одделение во деветгодишно основно образование , V, VI, VII одделение во осумгодишно основно образование и I, II, IIIИ и IV година на гимназиско образование (задолжителни и изборни предмети), IV година средно музичко-балетско и уметничко образование, 27 декември

- **11/12/2008 - ОУ „11 Октомври“** - Куманово: *„Еден наставник по ромски јазик“* , достапно на: <http://www.najdirabota.com.mk/DisplayVacancy.aspx?vacancy=530203> [посетено на 1 јули 2009]
- **12/12/2008 - ОУ „Гоце Делчев“** - Штип: „Еден наставник по `Јазикот и културата на Ромите`, со шест наставни часови - Високо образование (Педагошки факултет, Филолошки факултет, Филозофски факултет, ПМФ) и добро да го говори ромскиот јазик“ , достапно на: <http://www.najdirabota.com.mk/DisplayVacancy.aspx?vacancy=530450> [посетено на 1 јули 2009]
- **19/12/2008 - ОУ «26 Јули“**- Скопје: „Еден наставник по ромски јазик“, достапно на: <http://www.najdirabota.com.mk/DisplayVacancy.aspx?vacancy=531144> [посетено на 1 јули 2009]

Со оглед на тоа што воведувањето на предметот „Јазик и култура на Ромите“ е предвидено уште од февруари 2007 (кога е објавена новата Концепција за деветгодишно образование) и потврдено со наставната програма (од јануари 2008), се поставува прашањето зошто основните училишта дале огласи за вработување дури во декември, неколку месеци по започнувањето на учебната година, и кој ги држел часовите во претходните месеци?

Дискутабилно е, исто така, зошто овој предмет се изучувал само во шест училишта во 2008/09, кога вкупно осум училишта во декември 2008 година имале огласи за вработување на наставници по ромски јазик. Прашањето е што се случило со двете основни училишта - „11 Октомври“ од Куманово и „Јане Сандански“ од Скопје, што исто така имале оглас за наставник, но според УОЈЗ не ја реализираат наставата по овој предмет.

Задоцнетото објавување на вториот конкурс за ракописи на учебник, како и отсуството на нови конкурси за вработување на наставници кои би го предавале овој предмет, укажува на тоа дека училиштата ќе ја стартуваат и учебната 2009/2010 неподготвени за целосно спроведување на наставата по „Јазик и култура на Ромите“.

Она што зачудува е пасивноста на локалните ромски НВО-и, што ги има во голем број. Тоа може да се должи или на незнаење или на немање интерес за вакво важно прашање. Водени од желбата да се направи нешто за ромската етничка заедница, немаат критички однос кон пропустите и големите недоследности во спроведувањето на изборниот предмет „Јазик и култура на Ромите“.

# НАОДИ ОД МИНИ-ИСТРАЖУВАЊЕТО

По однос на сетот прашања групирани околу првото истражувачко прашање - „Дали и како предметот „Јазик и култура на Ромите“ им беше понуден на родителите од страна на училиштата?“, **интервјуата со претставниците на училиштата** покажаа дека:

- Предметот „Јазик и култура на Ромите“ бил понуден во 12 од вкупно 17 основни училишта вклучени во мини-истражувањето, а во само три од нив се спроведувал (ОУ„Санде Штерјовски“- Кичево, „26-ти јули“ и „Браќа Рамиз и Хамид“ - Скопје);
- Останатите пет основни училишта што воопшто не го понудиле предметот, ги посочија следните причини за тоа: не добиле известување од Министерството, немале доволен број пријавени ученици или немале соодветен кадар;
- Кај училиштата што, пак, го понудиле предметот „Јазик и култура на Ромите“, немало конзистентност во начинот како бил понуден и кому му бил понуден. Дел од училиштата го понудиле предметот усно на родителски средби, додека дел употребиле писмени прашалници. Некои училишта го понудиле на ученици само од трето одделение, додека други го понудиле од трето до осмо одделение;
- Преовладува разбирањето дека овој предмет треба да се понуди само на ромски ученици, меѓутоа некои училишта го понудиле на сите родители. Во неколку училишта во Куманово, откако бил понуден на сите родители, имало интервенција од страна на претставници на Бирото за развој на образованието и потоа бил понуден само за ромските ученици;
- Постои и недоразбирање во дел од училиштата, во однос на тоа дали требало да се понуди на учениците од старата (осумгодишна) или новата (деветгодишна) програма;
- На прашањето зошто не се изучувал предметот во нивното училиште, и покрај тоа што им бил понуден на родителите, како најчест одговор е посочен недоволниот интерес кај родителите. Исто така, неколку училишта одговориле дека не го фатиле рокот за пријавување во Министерството за образование и наука (МОН). Интересно е дека училиштата посочија различни датуми кога им пристигнало известувањето од МОН за тоа кои изборни предмети треба да ги понудат (некои училишта го добиле известувањето во мај, други го добиле во јули 2008 година). Тоа придонело за

задоцнето организирање родителски средби за информирање на родителите. Три училишта наведоа дека поради задоцнетото известување од МОН, не можеле да ги известат сите ромски родители, бидејќи тие биле на сезонска работа. Две училишта навеле дека не би можеле да организираат настава за овој предмет, поради немање соодветен кадар.

**Фокус-групите со родителите** покажаа дека:

- Предметот „Јазик и култура на Ромите“ бил понуден само во осум училишта, што не кореспондира со податокот добиен од интервјуата со претставниците на училиштата, според кои 12 од 17 основни училишта опфатени со примерокот го понудиле предметот.
- Неконзистентноста во изјавите на родителите со тие на училиштата, може да се должи и на нередовното присуство на родителите на закажаните родителски средби, од различни причини (н.з.):
  - Во три од останатите четири училишта, ниеден од родителите присутни на фокус-групите не беше запознат со можноста за изучување на предметот „Јазик и култура на Ромите“
  - Во едно училиште, само еден родител кој е член на Советот на родители, се изјасни дека во училиштето било разговарано за изучување на тој предмет
- Дури ни во училиштата  во коишто бил понуден предметот „Јазик и култура на Ромите“ за учебната 2008/09 година, не биле известени сите (ромски) родители:
  - Во едно училиште, само дел од родителите биле известени преку училиштето, додека останатите биле известени од страна на волонтери од политичка партија
  - Во друго не биле прашани сите родители, туку само по десетмина од клас
  - Трето училиште, пак, го понудило предметот само на учениците во трето одделение по стара програма, но не и на учениците по нова програма
- Од изјавите на родителите произлезе дека немало усогласен начин како бил понуден предметот, со оглед на фактот дека во некои училишта биле прашувани преку анкети, додека во други биле прашувани усно, на родителски средби.
- Родителите на децата кои во учебната 2008/09 година беа во трето одделение, имаа прилично поделени ставови  во фокус-групите за тоа дали сакаат нивното дете да го изучува предметот: „Јазик и култура на Ромите“. Спротивно на очекувањата,  родителите од само седум од вкупно 17 училишта вклучени

во фокус-групите се изјаснија како заинтересирани за изучување на предметот.

- На прашањето зошто би избрале нивното дете да го учи предметот „Јазик и култура на Ромите", родителите како најчести причини ги наведоа следните: затоа што сакаат нивните деца да го научат ромскиот јазик што не можат да го научат од нив (од родителите, н.з.), особено во градовите каде што тој не се говори; да го усовршат мајчиниот јазик; да го зачуваат ромскиот јазик и култура; да ја научат граматиката на ромскиот јазик; познавањето нов јазик е богатство; за да го промовираат ромскиот јазик.
- Родителите ги наведоа и следните најчести причини зошто не би прифатиле нивното дете да го учи овој предмет: бидејќи тогаш детето би морало да учи уште еден дополнителен предмет за којшто ќе биде и оценувано; бидејќи нема соодветен учебник и наставен кадар; бидејќи во нивниот град не се говори ромски јазик и не гледаат потреба од негово изучување; поголема корист би имале тие часови да се наменат за подобро усовршување на македонскиот јазик или за изучување англиски јазик. Родителите од едно училиште исто така наведоа дека изучувањето ромски јазик би било проблем за децата кои следат настава на албански јазик, бидејќи потоа би биле отфрлени од нивните соученици.

На прашањето за родителите чиишто деца во учебната 2008/09 беа второ одделение – „Дали и како бил понуден предметот `Јазик и култура на Ромите` за учебната 2009/2010 година?", **интервјуто со претставниците на училиштата** покажа дека:

- Во следната учебна 2009/2010 година, предметот „Јазик и култура на Ромите" планираат повторно да го понудат сите училишта што го понудиле и претходната учебна година. Уште едно дополнително училиште каде што не бил понуден предметот минатата учебна година, затоа што не добиле известување од МОН, веќе го понудиле предметот за учебната 2009/2010;
- За наредната учебна година повторно се јавуваат нејаснотии кај училиштата на кој начин треба да се понуди. Дел од училиштата го понудиле писмено, додека дел само усно, бидејќи чекале насоки од МОН и БРО.

Според изјавите во **фокус-групите со родителите** чиишто деца во учебната 2009/10 ќе бидат во трето одделение:

- Само шест училишта ги информирале родителите за можноста да се изучува овој предмет, до моментот на спроведување на фокус-групите (почеток на јуни);

Наодите од направеното мини-истражување и анализа покажуваат дека спроведувањето на изборниот предмет „Јазик и култура на Ромите" е повеќе декларативна заложба на Владата

Генерален заклучок од истражувањето е дека од страна на државата не се обезбедени сите предуслови за спроведување на овој изборен предмет во училиштата.

- Родителите од други две училишта биле известени за можноста за изучување на предметот од страна на невладини организации;
- Родителите на децата од 15 училишта (од вкупно 17 опфатени со истражувањето) се изјаснија дека доколку им биде понудено, би прифатиле нивните деца да го изучуваат овој предмет во трето одделение, во учебната 2009/2010 г.

На истражувачкото прашање – „Дали е обезбеден учебник верификуван од страна на МОН? Ако не, кој (кои учебници и учебни помагала) се користи во наставата?", **интервјуата со претставниците на училиштата** покажаа дека:

- Нема доследна употреба на еден учебник во училиштата во коишто  се реализира настава по „Јазик и култура на Ромите";
- Биле користени читанка и граматика од Јусуф Шаип и учебникот "Numaj o Lil si amaro amal" од Севѓул Абдула.

**Фокус-групите со родителите** покажаа дека:

- Во различни училишта, учебниците биле набавувани на различни начини и сите родители не биле информирани кој учебник треба да се користи;
- Дел од родителите добиле бесплатни учебници, дел користеле фотокопии, додека дел од родителите се изјасниле дека не биле информирани дека постои учебник и нивните деца пишувале во тетратка;
- Некои од родителите, исто така, забележале дека во зависност кој учебник се користи, децата учат одредени работи на различен начин и неусогласено.

Третото истражувачко прашање – „Дали наставниот кадар вклучен во наставата по овој предмет во изминатата учебна година е со соодветни квалификации?",се однесуваше само на претставниците на училиштата. **Интервјуата** со нив покажаа дека критериумите за наставник не се почитуваат во целост, затоа што во две училишта се вработени наставници со средно образование. Останува нејасно дали за наставниците со несоодветно педагошко образование била организирана обука, кој ја спровел и по која програма?

# ЗАКЛУЧОЦИ

Наодите од направеното мини-истражување и анализа покажуваат дека спроведувањето на изборниот предмет „Јазик и култура на Ромите" е повеќе декларативна заложба на Владата и на релевантните државни институции, отколку што е реалност, и сè уште е многу далеку од неговото вистинско спроведување.

Генерален заклучок од истражувањето е дека од страна на државата не се обезбедени сите предуслови за спроведување на овој изборен предмет во училиштата.

Во изминатата 2008/09 учебна година, е очигледна конфузијата кај родителите и училиштата коишто се препуштени на себеси околу сите прашања врзани за спроведувањето на предметот: за кого е наменет, како и кому треба да го понудат. Заради тоа, предметот „Јазик и култура на Ромите" не го понудиле сите училишта, го вовеле/спровеле само мал број на училишта и со голем број на недоследности.

Недоследности имало во информирањето на родителите за можноста за изучување на овој предмет, но и во обезбедувањето на неопходниот учебник и критериумите за вработување на квалификуван кадар што би го предавал предметот.

И покрај постоечката перцепција за изучувањето на предметот како за „дополнителен и непотребен товар", кај ромските родители се зголемува интересот, но и свесноста за важноста за изучување на предметот „Јазик и култура на Ромите". Оттука, прашањето за доследно и целосно спроведување на овој изборен предмет добива уште повеќе на важност.

Се наметнува потребата Владата да ја расчисти конфузијата и со конкретни мерки да им помогне на училиштата во создавањето на неопходните предуслови за непречено и квалитетно спроведување на предметот „Јазик и култура на Ромите" на долг рок.